# ВОДИЧ низ регионите во РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# **ВОДИЧ** низ регионите во **РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**




туристички водич


туристички
водич

**Уредници:**
д-р Никола Димитров
д-р Нако Ташков
д-р Дејан Методиески

**Рецензенти**
д-р Тања Ангелкова Петкова
д-р Никола Цуцулески

**Лектор:**
Здравко Ќорвезироски

**Издавач:**
Агенција за поддршка и
промоција на туризмот на
Република Македонија

**Дизајн:**
Графички центар – Скопје

**Печат:**
Графички центар – Скопје
www.gcs.com.mk

**Тираж:**
**5000** примероци

Скопје, 2015

www.macedonia-timeless.com
www.tourismmacedonia.gov.mk

**01**
Предговор 10
Што треба да знаете за Република Македонија 12





**02**
**ВАРДАРСКИ РЕГИОН 20**
Природни убавини 22
Културно-историски споменици 27
Сообраќајна поврзаност 37
Објекти за сместување, за исхрана и забава 38
Прошетка низ регионот 39





**03**
**ИСТОЧЕН РЕГИОН 42**
Природни убавини 44
Културно-историски споменици 46
Сообраќајна поврзаност 56
Објекти за сместување, за исхрана и забава 57
Прошетка низ регионот 59





04 ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН 62
Природни убавини 64
Културно-историски споменици 70
Сообраќајна поврзаност 90
Објекти за сместување, за исхрана и забава 90
Прошетка низ регионот 93





05 ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН 96
Природни убавини 98
Културно-историски споменици 105
Сообраќајна поврзаност 109
Објекти за сместување, за исхрана и забава 109
Прошетка низ регионот 111





06 ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН 112
Природни убавини 114
Културно-историски споменици 122
Сообраќајна поврзаност 136
Објекти за сместување, за исхрана и забава 136
Прошетка низ регионот 138





07 ПОЛОШКИ РЕГИОН 140
Природни убавини 142
Културно-историски споменици 148
Сообраќајна поврзаност 152
Објекти за сместување, за исхрана и забава 153
Прошетка низ регионот 157





08 СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН 158
Природни убавини 160
Културно-историски споменици 160
Сообраќајна поврзаност 165
Објекти за сместување, за исхрана и забава 168
Прошетка низ регионот 169





09 СКОПСКИ РЕГИОН 170
Природни убавини 172
Културно-историски споменици 174
Сообраќајна поврзаност 190
Објекти за сместување, за исхрана и забава 191
Прошетка низ регионот 193







01

# ПРЕДГОВОР

Република Македонија е мала по површина, но голема ризница на природни реткости и на културно-историски споменици од најстари времиња до денес. Водичов Ви ги презентира најважните информации за природните убавини и за културно-историските знаменитости, за хотелските и ресторанските капацитети во осумте статистички региони во Република Македонија.

За прегледно претставување на природните и на културно-историските реткости во планските региони на Република Македонија, презентираме текстуален, картографски и фотографски материјал за сите туристички потенцијали. За секој регион – низ кратки текстови, поткрепени со фотографии и карти – прикажани се природните убавини, културно-историските споменици, сообраќајната поврзаност и објектите за сместување, за исхрана и забава. Главна цел на водичов е запознавање на посетителите со туристичките потенцијали на регионите во Република Македонија, нивно побезбедно, поквалитетно, побрзо движење и престој во просторот, што ќе резултира со евидентирање и со збогатување на туристичката понуда и со развој на туризмот во државава.

Според формата и содржината, водичов е конципиран да ја претстави Република Македонија како ризница за туристичко истражување и за незаборавно доживување.

Проценуваме дека туристичкиов водич ќе претставува чекор напред во промоцијата на туристичките потенцијали и во зголемувањето на туристичката посета во Република Македонија.

**Од авторите**



# ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Македонија**, или **Република Македонија** е демократска држава сместена во Југоисточниот дел на Европа, во централниот дел на Балканскиот Полуостров. Таа претставува мост преку кој се поврзуваат балканските земји, а низ неа уште од древноста минуваат доста важни европски патишта со кои таа е поврзана со останатите земји од Европа, како и со блиските земји од Африка и Азија. Македонија е една од наследничките држави на поранешната Југославија, од која прогласи независност во 1991 година. Земјата граничи со Србија и Косово на север, со Бугарија на исток, со Грција на југ и со Албанија на запад.



Знамето на Република Македонија е црвено со златно-жолто сонце. Сонцето е со осум сончеви зраци, кои се простираат од сончевиот диск со проширување до работ на знамето. Сончевите зраци се вкрстуваат по дијагонала, хоризонтала и вертикала.



**Главен град** на државата е **Скопје**, со население од околу 500 000 жители. Други поголеми градови се: Битола, Куманово, Прилеп, Тетово, Велес, Штип, Охрид, Гостивар, Струмица, Кичево, Кавадарци и Кочани. Република Македонија зафаќа територија од 25 713 квадратни километри и во неа живеат над 2 000 000 жители, од кои мнозинството се Македонци, а застапени се и други етнички групи, како Албанци, Срби, Турци, Власи, Роми и др. Официјален јазик е македонскиот, додека валутата што се применува е македонски денар, кој може да се добие при замена на странска валута во менувачница или во банка (1 евро=61,5 денари). Најголемиот дел од угостителските и трговските објекти во земјата прифаќаат платежни картички. Просечната нето-плата во Република Македонија изнесува околу 350 евра.

Во поглед на општите релјефни карактеристики, Република Македонија е претежно планинско-котлинска земја. Дури 80% од целокупната територија на државата се планини, додека само 20% се рамно ниско земјиште. Најниската надморска височина е 44 m во близина на градот Гевгелија, на местото каде што најдолгата река во земјата Вардар ја напушта територијата на Република Македонија, додека за највисока надморска височина се смета врвот Голем Кораб на планината Кораб, со височина од 2 764 m. Иако континентална држава, Македонија има



голем број реки, повеќе од 50 езера и шеснаесет планини повисоки од 2 000 m. Во Република Македонија просечната годишна температура изнесува 11,5°C. Најтопол месец во годината е јули со просечна температура на воздухот од 22,1°C, а најстуден јануари со температура од 0,3°C. Земјата е богата со разновиден растителен и животински свет.



Во повеќето градови во Република Македонија има богата понуда на разни културни настани и манифестации, како и на културно-историски споменици што може да се посетат. Земјата располага со туристички потенцијали, а за повеќе информации, ќе Ве замолиме да ја посетите официјалната веб-страница: http://www.tourismmacedonia.gov.mk/.



За влез во Република Македонија, постојат 14 гранични премини и два аеродрома: во Скопје и Охрид. За најголемиот дел од европските земји за влез во Република Македонија не е потребна виза, како и за Јапонија, Канада, Австралија, САД и др. Посетителите од сите страни на светот можат да ги користат своите мобилни телефони во земјата или да купат SIM картичка од некој од локалните телекомуникациски оператори.



Во земјата се вози од десната страна, а ограничувањата на брзината во патниот сообраќај се следниве: во населени области 50 km/h (31 mph), надвор од населени области 90 km/h (55 mph), 110 km/h (68 mph) на магистрален пат и 130 km/h (80 mph) на автопат, освен ако не е поинаку наведено на сообраќајните знаци. Градовите во Република Македонија се поврзани со редовен автобуски превоз, а железничката мрежа е недоволно развиена и побавна.



Република Македонија е мултиетничко и мултикултурно општество во кое се практикуваат разни религии. Околу две третини од населението се православни христијани, а останатите се муслимани, католици и други религиозни припадности.

Македонската православна црква – Охридска архиепископија

е национална црква на Македонците со христијанска православна вероисповед и најголема црква во Република Македонија http://www.mpc.org.mk/. Македонската православна црква се финансира од државниот буџет на Република Македонија. Македонската православна црква не се протега само на територијата на Република Македонија, туку и во црковните општини надвор од границите на земјата. Епархии на МПЦ се следниве:

- Скопска епархија
- Тетовско-гостиварска епархија
- Кумановско-осоговска епархија
- Дебарско-кичевска епархија
- Преспанско-пелагониска епархија
- Струмичка епархија
- Повардарска епархија
- Брегалничка епархија
- Американско-канадска епархија
- Европска епархија
- Македонска православна црква – Охридска архиепископија – Епархија за Австралија и Нов Зеланд со седиште во Мелбурн.
- Македонска православна црква - Охридска архиепископија - Епархија за Канбера, Австралија и Тасманија со седиште во Сиднеј.




## НАЦИОНАЛНИТЕ ПРАЗНИЦИ ВО ЗЕМЈАТА СЕ СЛЕДНИТЕ:

| | |
|---|---|
| **1 ЈАНУАРИ** | Нова година |
| **7 ЈАНУАРИ** | Божик, првиот ден на Божик според православниот календар |
| **ВЕЛИГДЕН** | вториот ден на Велигден според православниот календар, датумот е променлив |
| **1 МАЈ** | Ден на трудот |
| **24 МАЈ** | Свети Кирил и Методиј, Ден на сесловенските просветители |
| **РАМАЗАН БАЈРАМ** | првиот ден на Рамазан Бајрам, датумот е променлив |
| **2 АВГУСТ** | Ден на Републиката |
| **8 СЕПТЕМВРИ** | Ден на независноста |
| **11 ОКТОМВРИ** | Ден на народното востание |
| **23 ОКТОМВРИ** | Ден на Македонската револуционерна борба |
| **8 ДЕКЕМВРИ** | Свети Климент Охридски |



**Телефонскиот код** за земјата е +389. Поважни телефонски броеви: **полиција:** 192; **противпожарна бригада:** 193; **брза помош:** 194; **регионален центар за управување со кризи:** 195; **АМСМ – помош на патишта** 196. Административно, Република **Македонија е поделена на 8 региони** и 80 **општини**. Осумте статистички региони во Република Македонија се: **Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски**.



CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

338.48(497.7)(036)

ВОДИЧ низ регионите во Република Македонија / [уредници Никола Димитров, Нако Ташков, Дејан Методиески]. - Скопје : Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, 2015. - 193 стр. : илустр. ; 17 см

ISBN 978-608-65886-4-9

а) Македонија - Туристички водичи
COBISS.MK-ID 100168970


MACEDONIA
TIMELESS